Сектор за туризам и угостителство
Departamenti i turizmit dhe hotelierisë

**Архивски број:** 13-1459/3___
Скопје, 06.05.2020 година

Врз основа на член 49 став 1 и член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011) и согласно Програмата за развој на туризмот во Република Северна Македонија („Сл. весник на РСМ" бр.16/19), дел II точка 5 од програмата – Субвенции за туристички цели на селски домаќинства и согласно Јавниот повик објавен на 04.02.2020 година на веб страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk и во дневните весници Нова Македонија и Коха, министерот за економија, донесе

**О Д Л У К А**

за поништување на јавниот повик за Субвенции за туристички цели на селски домаќинства од Програмата за развој на туризмот за 2020 година

Согласно Одлуката за прераспределба на средства меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите објавена во (Службен весник на РСМ бр. 97 од 09.04.2020 година) во посебниот дел од колоната на Расходи на основен буџет, се врши прераспределба на средства и во делот на Програмата за равој на туризмот за 2020 година во кој што средствата од програмата се прераспределуват во Фонд за туризам.

Согласно одлуката на Владата на Република Северна Македонија за прераспределба на средствата во делот на расходите и согласно новонастанатата ситуација со COVID 19, Министерството за економија ја донесе оваа одлука за поништување на јавниот повик за Субвенции за туристички цели на селски домаќинства од Програмата за развој на туризмот за 2020 година.

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување.


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikë së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Јуриј Гагарин " бр. 15, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Jurij Gagarin" nr.15 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3093 471
www.economy.gov.mk

ISO 9001:2015
CERTIFICATE
Q 1113